Јавно претпријатие за комунални дејности ОБЛЕШЕВО
БР. 03-78/1
24.03.2014 год.
Чешиново-Облешево

ДРУШТВО ЗА НЕМЕТАЛИ ОПАЛИТ ДООЕЛ
Бр. 0701-29/2
25.03.2014 год.
с.Чешиново Чешиново-Облешево

**Д О Г О В О Р**

**За користење на комунална услуга – изнесување и депонирање на смет**

Склучен на ден 24.03.2014 помеѓу:

1. **ЈПКД „Облешево“ – Облешево** како давател на комунална услуга, застапувано од Директорот Стојанче Анастасов од една страна, и
2. Друштво за неметали „Опалит“ од с. Чешиново - ул. Асном бб ~~со адреса на живеење~~ (локација - (Панчево) и ЕМБГ/ЕДБ 4013992100558, како корисник на комуналната услуга од друга страна.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:**

Член 1

Предмет на договорот е пружање на услугата изнесување, транспорт и депонирање на смет од домакинства и деловни објекти.

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ**

Член 2

**Давателнот на услугата ЈПКД „Облешево“ – Облешево се обврзува:**

- Да го собира, изнесува и депонира сметот од домакинството со кое го има склучено овој договор;
- Сметот да се изнесува еднаш седмично во денот кој е одреден за тоа населено место од страна на Управниот Одбор на ЈПКД „Облешево“;
- Обврската на давателот на услугата се однесува само за комунален отпад, во кој не влегува градинарски отпад, градежен шут, габаритен отпад, течни и полутечни материи, жар и пепел, електрични батерии и сл.;
- Давателот на услугата е должен кантата на корисникот да ја врати на истото место од каде е земена по нејзиното празнење;
- Висината на цената за изнесување на смет на територијата на општината Чешиново-Облешево изнесува:
  а) за домакинства – 100 ,оо денари;
  б) за правни лица – фирми – 300,оо денари;
  в) за поголеми фирми кои депонираат поголемо количество на отпад – 600,оо денари
  г) за фирми кои создаваат вонредно голема количина на смет – 1800,оо денари

  - Право на давателот на услуга е да се врши измени во цената на услугата , по претходно добиена согласност од Советот на општината Чешиново-Облешево.

Член 3

**Корисникот на комуналната услуга се обврзува:**

- Редовно и навремено секој месец да си ја плаќа сметката;
- Уредно да го одлага создадениот отпад во стандардизирани специјални садови – комунални канти;
- Корисникот на услугата е должен комуналната канта да ја изнесе за празнење пред дворот, на место достапно за утовар во денот кој е определен за населеното место, како и истата да ја отстрани од јавната површина по празнењето. Ако кантата не е изнесена надвор од дворното место, ќе се смета дека услугата и извршена;
- Неделната количина на отпад да не надминува 120 литри волумен;

**КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Член 4

Давателот на услугата се обврзува личните податоци на корисникот на услугата да ги чува како деловна тајна согласно законот.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 5

При извршувањето на обврските на овој Договор, договорените страни се должни да се придржуваат на законските прописи.

Евентуален спор по овој Договор ќе се решава спогдбено, а во спротивно надлежен за спорот е Основниот Суд Кочани.

Член 6

Договорот е составен во 2 (два) еднакви примероци, по еден за договорените страни.

**Давател на услугата**

ЈПКД „Облешево"-Облешево

Директор Стојанче Анастасов

**Корисник на услугата**